MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-1532/3
28.11. год. 2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1, став 3 и став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ("Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава за корупција од подносител – физичко лице, Државната комисија за спречување на корупцијата на 24-та седница одржана на ден 15 Ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција, бр. 12-1532/1 од 06.03.2019 година со дополна бр. 12-1532/2 од 10.09.2019 година, доставени од познат подносител, физичко лице - ----------------------, со која/и се изразува незадоволство од постапувањето на службени лица - судија/претседател на надлежен основен суд, извршител за подрачје на надлежен основен суд во постапка во која подносителот на пријавата е доверител, од јавни обвинители од надлежните Основно и Вишо јавно обвинителство и од други органи/институции се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1532 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-1532/1 од 06.03.2019 година и дополнувањето бр. 12-1532/2 од 10.09.2019 година.

Предметот со број 12-1532 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата (Државната комисија), со образложениеото, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата

Образложение

Предметот со број 12-1532 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-1532/1 од 06.03.2019 година со дополна бр. 12-1532/2 од 10.09.2019 година и придружна документација доставени до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, физичко лице - ------------------------- .

Со пријавата се изразува незадоволство од постапувањето на службени лица - судија/претседател на надлежен основен суд, извршител за подрачје на надлежен основен суд во постапка во која подносителот на пријавата е доверител, од јавни обвинители од надлежните Основно и Вишо јавно обвинителство и од други органи/институции во Република Северна Македонија.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот истакнати во пријавата и доставеното дополнување од аспект на правосилно завршена судска постапка во која


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

подносителот на пријавата бил странка – тужител и во која од надлежниот основен суд е донесена извршна исправа - пресуда Малв.П.бр. ------------------, на неможноста за наплата на неговото побарување во постапка за извршување согласно со одредбите на Законот за извршување, како и од аспект на постапувањето на службени лица од надлежните јавни обвинителства кои постапувале и одлучувале по поднесок-тужба на подносителот на пријавата и на постапувањето на службени лица и од други посочени органи/институции во Република Северна Македонија.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај вклучително со податоците и информациите содржани во придружната документација, Државната комисија за спречување на корупцијата, земајќи во предвид дека со пријавата се изразува незадоволство од исходот на постапките водени од страна на подносителот на пријавата пред органите/институциите во Република Северна Македонија и дека при тоа не се конкретно посочени, ниту е веројатно дека се/биле сторени активности за злоупотреба на службената положба и овластувањата од страна на службените лица кои постапувале, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 15 Ноември 2019 година под бр. 12- 2342/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :

- Архива
- Подносител